Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/42

# З А П И С Н И К
од Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 април 2020 година

Скопје, април 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 април 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:45 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим

Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и Хусни Исмаили, министер за култура.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплатата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба

2. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Предлог- уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата со заклучок: во членот 1 пред зборот „април“, да се додаде зборот „месец“, а зборовите „заклучно со декември 2020“. , се бришат.

**Точка 2**

Владата на предлог на Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да воведе забрана за движење во шума, поради зголемената опасност од појава на пожари на отворен простор.

*

*                    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:10 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски